Врз основа на член 31-ѓ став 10 од Законот за средното образование („Службен весник на Република Македонија„ бр. 44/95, 24/96, 34/96, 35/97, 82/99, 29/02, 40/03, 42/03, 67/04, 55/05, 113/05, 35/06, 30/07 и 49/07), министерот за образование и наука, донесе

# УПАТСТВО
## за начинот на работата на рецензионата комисија за стручно вреднување на ракописи на учебници по одделни наставни предмети за средно образование

(објавен во „Службен весник на Република Македонија" бр.23/08)

Член 1

Со ова упатство се пропишува начинот на работа на рецензионата комисија за стручно вреднување на ракописи на учебници по одделни наставни предмети за средно образование.

Член 2

Рецензионата комисија до 14 дена од денот на добивањето на ракописите на учебници изготвува стручно вреднување на ракописите, кое го доставува на секретарот на рецензионата комисија.

Секретарот на Комисијата е државен службеник од редот на вработените во Педагошката служба кој е именуван од страна на министерот за образование и наука (во натамошниот текст: министерот), по предлог од Педагошка служба.

Секретарот на рецензионата комисија не треба да врши било какво влијание врз работата на члeновите на рецензионата комисија.

Член 3

Стручно административните работи за потребите на рецензионата комисија се вршат од страна на Педагошката служба.

Педагошката служба обезбедува услови за непречено работење на рецензионата комисија.

Член 4

Доколку рецензионата комисија во одредениот рок не го достави стручното вреднување од член 2 став 1 на овој правилник, секретарот на рецензионата комисија писмено го известува директорот на Педагошката служба.

Член 5

Работата на рецензионите комисии е доверлива и нејзините членови треба да ја почитуваат анонимноста на работењето.

Член 6

Рецензионата комисија работи на седници.

Седниците ги закажува секретарот на рецензионата комисија во согласност со претседателот на рецензионата комисија.

Член 7

Седниците на рецензионите комисии, по правило, се закажуваат најмалку седум дена пред денот на одржувањето. Исклучително поради итноста, седниците можат да бидат закажни и во пократок рок, но истиот да не биде пократок од еден ден.

Член 8

Материјалите што се разгледуваат од рецензионата комисија се доставуваат во потребен број примероци од страна на Педагошката служба.

Член 9

Дневниот ред по кој работат рецензионите комисии го предлага претседателот, а го усвојуваат членовите на самата седница.

Член 10

При донесувањето на конечното стручно вреднување на ракописите кои се предмет на разгледување, треба да бидат присутни сите членови на рецензионата комисија.

Член 11

Членовите на рецензионите комисии можат и поединечно да ги читаат ракописите за учебници за кои се именувани во просториите на Педагошката служба.

Член 12

За својата работа рецензионата комисија изготвува стручно вреднување и истото го потпишуваат претседателот и членовите на Комисијата.

Стручното вреднување од став 1 на овој член се изготвува во два идентични примерока.

Во стручното вреднување се наведува за кој предмет и одделение е ракописот за учебник и задолжително се назначуваат шифрите кои се наоѓаат на ракописите за учебници.

Член 13

Пред да даде стручно вреднување рецензионата комисија ги врши следните работи:

- се запознава со основите на наставните планови и програми на наставниот предмет за кој се пристигнати ракописи за учебници;
- ја разгледува концепцијата за изработка на учебник;
- ја разгледува методологија за вреднување на учебниците за средно образование;

Врз основа на наставниот план и програма, концепцијата за учебник и методологијата за вреднување на учебник, рецензионата комисија изготвува стручно вреднување за квалитетот на секој ракопис пооделно,

како и едно заедничко за сите ракописи за учебници и во писмена форма ги доставува до Педагошката служба.

Доколку постојат повеќе ракописи за еден учебник рецензионата комисија доставува до Педагошката служба листа со рангирани ракописи според нивниот стручен и друг квалитет.

Рецензионата комисија ги разгледува и ракописите по странските јазици од други држави кои учествуваат на конкурсот за учебници објавен од страна на Министерството за образование и наука.

Член 14

Доколку со стручното вреднување на рецензионата комисија се бара корекција или доработка во содржините на ракописот за учебник, рецензионата комисија одржува седница и проверува дали е дополнително постапено според барањата по нејзиното вреднување.

Член 15

Ова упатство влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија„

Бр.______________
.02.2008 година

МИНИСТЕР,
Сулејман Рушити